# Заштита на лични податоци – Политика на приватност

Со користење на Порталот сите корисници даваат јасна и недвосмислена согласност на Агенцијата за собирање и обработка на нивните лични податоци кои се достапни во нивните кориснички сметки за потребите на нивното користење на Порталот.

Работобарателите со користење на Порталот даваат експлицитна согласност на Работодавачите за собирање и обработка на нивните Лични податоци. Со одбирање на опцијата “видлив на работодавачите“, Работобарателот се согласува дека сите посетители на Порталот слободно може да пристапат до неговите лични податоци наведени во CV-то, молбата за вработување и другите документи.

Согласноста за собирање и обработка на лични податоци во согласност од одредбите од Законот за заштита на лични податици се дава исклучиво за целите на аплицирање на огласи за Работни места, како и за вршење на сите други активности кои се строго поврзани со огласување и аплицирање на огласи за Работни места и не можат да се употребат за друга цел.

Работодавачите кои се физички лица и Работобарателите можат во било кој момент да ја повлечат дадената согласност без никакво дополнително објаснување со испраќање на барање на адресата на Друштвото за отповикување на согласноста и деактивирање на корисничката сметка.

Личните податици, но и сите други податоци може да се користат само на начин пропишан со овие Општи услови. Употребата на податоците за било која друга цел (копирање, транскрипција, дистрибуција, итн.) без согласност на Друштвото и Работобарателите, односно Работодавачите (физичко лице) за масовна дистрибуција, промотини пораки и слични работи е строго забрането. Друштвото ќе ги извести надлежните органи, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на Државното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за заштита на личните податоци.

Корисниците на услугата “Пристап до базата со CV-а“ на Порталот се должни пред секое користење да потпишат и достават “Изјава за доверливост и деловник за работа при користење на услугата пристап до базата со CV-а.